# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ОПШТИНА ПРИЛЕП

### ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

БР. 08-1707/1
од 16.07 2020год.
Прилеп

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16,163/16,64/18 И 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02), Градоначалникот на Општина Прилеп донесе:

**ОДЛУКА**
**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за четврт 6, блок 6.2, КО Прилеп, Општина Прилеп**

**член 1**

Се организира јавна презентација и јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за четврт 6, блок 6.2, КО Прилеп, Општина Прилеп. Границата на блокот оди по следниот редослед:

Западната граница се движи по должина на осовината на собирната улица, ул."Трајко Николоски" со ознака С6 во должина од 648,32м', на исток оди по осовината на речното корито на река "Ореовечка" во должина од 245,45м' со што ја формира јужната граница на опфатот, потоа врти во северен правец по осовината на железничката пруга Прилеп - Битола, во должина од 845,77м' со што ја формира источната и североисточната граница на опфатот, се до почетната точка на границата на опфатот формирајќи затворен полигон со површината на планскиот опфат 161830,77 м2, односно 16,18ха.Преметниот плански опфат е дел од четврт 6, блок 6.2 од Планска документација – измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Прилеп, донесен со одлука на Советот на општина Прилеп бр. 25-2888/5 од 28.12.2015 год.

Во рамките на планскиот опфат најзастапена е група на класа на намена А - домување, потоа групата класа на намена Г – производство, дистрибуција и сервиси и основната класа на намена Д2 – заштитно зеленило.

**член2**

Јавна анкета и јавната презентација по Предлогот на Детален урбанистички план за четврт 6, блок 6.2, КО Прилеп ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 24.07.2020г. до 07.08.2020г. секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 17.05.2019 година во 13:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**член 3**

За организирањето на **јавната презентација и јавната анкета** по Предлог Деталниот урбанистички план ќе се издаде соопштение во јавните гласила.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Илија Јованоски**